606C и 608C
Хедери за пченка
(Сериски бр. 117200 -)

ПРИРАЧНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ
Хедери за пченка 606C и 608C
OMLCA114379 ИЗДАНИЕ J1 (MACEDONIAN)

Maschinenfabrik Kemper GmbH & Co. KG
Европско издание
PRINTED IN U.S.A.

Вовед

Предговор

ПРОЧИТАЈТЕ ГО ОВОЈ ПРИРАЧНИК внимателно за да научете како правилно да ја користите и сервисирате Вашата машина. Ако не постапите така, можете да предизвикате лична повреда или оштетување на опремата. Овој прирачник и предупредувачките ознаки на Вашата машина можат да се нарачаат и на други јазици (посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за да ги нарачате).

ОВОЈ ПРИРАЧНИК ТРЕБА ДА СЕ СМЕТА како составен дел од Вашата машина и треба да остане со машината ако ја продавате.

МЕРКИТЕ наведени во овој прирачник се дадени во метрички систем, но наведени се и еквивалентните мерки што важат во САД. Користете единствено соодветни резервни делови и прицврстувачи. За метричките и инчните прицврстувачи, потребни се различни видови на метрички и инчни клучеви.

Страните ЛЕВО и ДЕСНО се одредени со насочување во истата насока во која е насочен и приклучниот уред кога ќе се движи кон напред.

ТЕРМИНОТ "ТРАНСПОРТ" е користен во однос на монтиран хедер за пченка на комбајна и транспортиран од А до В на комбајната.

ТЕРМИНОТ "ПРЕВОЗ" е користен во однос на натоварен хедер за пченка на рамен носач и превезен од А до В на рамниот носач.

НАПИШЕТЕ ГО БРОЈОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДОТ (ПИН) во одделот Спецификации или Идентификациски броеви. Точно запишете ги сите броеви за полесно да ја пронајдете машината во случај да Ви биде украдена. На Вашиот дистрибутер исто така ќе му бидат потребни овие броеви кога ќе нарачувате резервни делови. Чувајте ги броевите за идентификација на сигурно место, одвоено од машината.

ОВОЈ ХЕДЕР ЗА ПЧЕНКА Е ДИЗАЈНИРАН ИСКЛУЧИВО за употреба во вообичаени земјоделски или слични операции. ("НАМЕНСКА УПОТРЕБА"). Употребувањето на кој било друг начин се смета за спротивно од предвидената употреба. Производителот не прифаќа никаква одговорност за штетата или за повредите што се резултат на неправилна примена и тој ризик потполно го презема корисникот. Почитувањето и строгото придржување кон условите за користење, сервисирање и поправка како што е наведено од производителот, исто така се важни елементи за наменетата употреба.

ОВОЈ ХЕДЕР ЗА ПЧЕНКА ТРЕБА ДА БИДЕ РАКУВАН, сервисиран и поправан исклучиво од лица кои ги познаваат неговите специфични карактеристики и се запознаени со соодветните правила за безбедност (спречување на несреќи). Прописите за спречување на несреќи, сите други општо прифатени прописи за безбедност и трудова медицина, како и сообраќајните прописи, секогаш треба да се почитуваат. Било какви самоволни преправки направени врз овој хедер за пченка, го ослободуваат производителот од одговорност за оштетувањата или повредите што од тоа можат да произлезат.

Ако вие не сте првобитен сопственик на оваа машина, во ваш интерес е да го контактирате вашиот локален John Deere трговец за да ги информирате нив за серискиот број на оваа единица. Тоа ќе му помогне на John Deere да ве извести за сите прашања или подобрувања на производот.

KM00321,0000335 -A8-22JUN10-1/1

Содржина

Страница

Идентификациски изглед
Идентификациски изглед 00-1

Безбедносни карактеристики на хедер за пченка
Безбедносни карактеристики на хедер за пченка 05-1

Безбедност
Препознавање на информациите за безбедност 10-1
Разбирање на предупредувачките пораки 10-1
Внимавање на сообраќајните прописи на патиштата 10-1
Носете заштитна облека 10-2
Следете ги упатствата за безбедност 10-2
Подготовка за итни случаи 10-2
Безбедно складирање на опремата 10-3
Баластирање за безбеден контакт со земјата 10-3
Паркирање и оставање на комбајнот 10-3
Избегнувајте контакт со движечките материјали 10-4
Користете сигурносни светла и уреди 10-4
Прекинувач за откачување на патен транспорт (црн) 10-5
Транспортирање на комбајна со инсталиран хедер за пченка 10-5
Бидете оддалечени од хедерот 10-5
Избегнувајте заплеткување 10-6
Бидете оддалечени од ротирачките погонски линии 10-6
Практикувајте само-одржување 10-7
Сервисирајте машини безбедно 10-7
Заштитници и штитници 10-8
Безбедно потпирање на машината 10-8
Избегнувајте течности под висок притисок 10-9
Отстранете ја бојата пред заварување или загревање 10-9
Избегнувајте загревање во близина на цевки за течности под притисок 10-10
Прописно отстранете го отпадот 10-10
Заменете ги знаците за безбедност 10-10

Безбедносни налепници
Сликовити безбедносни знаци 15-1

Страница

Прирачник за користење 15-1
Поправка и одржување 15-1
Дробилка 15-2
Хедер за пченка 15-2
Сврдел на хедер за пченка 15-3
Надворешни наставки на собирачот 15-3
Област каде се врши преклопување 15-4
Рамка на преклоплив хедер за пченка 15-4
Хедер за пченка 15-5
Хидрауличен систем 15-5

Превоз
Подготовка на хедер за пченка за превоз 20-1

Подготовка на хедер за пченка
Распакување 25-1
Отстранување на палетата за транспорт 25-1

Транспорт
Возење на јавни патишта 30-1
Спуштање на надворешните продолжетоци на собирачот 30-1
Преклопување/исправување на хедер за пченка (комбајни се до MY 2011) 30-1
Преклопување/исправување на хедер за пченка (комбајни од MY 2012) 30-2
Спречување несреќи 30-3

Приклучување и одвојување
Прикачување на хедерот за пченка со доставната комора 35-1
Одвојување на хедерот за пченка од доставната комора 35-5
Заклучување со единичен врв—Нагодување 35-7
Кабел во долниот дел за порамнување со теренот на доставната комора—Нагодување 35-9
Клинови за заклучување на доставната комора (Чистење) 35-9
Рачно отклучување на доставната комора 35-9
Положба на заштитна завртка за кабелот за заклучување 35-10

Продолжува на следната страница

Оригинални упатства. Сите информации, илустрации и спецификации наведени во овој прирачник се базирани на најновите информации кои се достапни во времето на издавањето. Го задржуваме правото на измени во било кое време без претходна најава.

COPYRIGHT © 2011
John Deere GmbH & Co. KG Mannheim Regional Center
Zentralfunktionen
All rights reserved.
A John Deere ILLUSTRUCTION ™ Manual
Previous Editions
Copyright ©

Страница

Ракување со хедер за пченка
Општи информации....40-1
Започнување во полето....40-1
Правилно прилагодување на хедерот за пченка....40-1
Возете и работете внимателно....40-1
StalkMaster™ сецкач....40-2
Контроли на потпирачот за рака....40-3
Вклучување/исклучување на погон за хедерот за пченка....40-4
Возни брзини на хедерот за пченка....40-4
Комбајни со доставна комора со фиксна брзина....40-5
Жнеење пченка со ослабени или скршени стебла....40-5
Жнеење пченкарно зрно....40-5
Собирачи....40-5
Подигнување и отстранување на внатрешните врвови и штитници на собирачот....40-6
Подигнување и накосување на надворешните врвови и штитници на собирачот....40-8
Чувари за класови....40-8
Единица за ред....40-9
Ролни за стебло....40-9
Хидраулично нагодливи плочи на платформа....40-10
Спирала....40-11
Надворешни наставки на собирачот....40-11
Вклучување и исклучување на ножевите за сечкање StalkMaster™....40-12

Приклучни уреди и опции
Ролни за стебло....45-1
Сензори на терен за активна контрола на хедерот (опција)....45-1
Кутии на запченик за сечкање StalkMaster™ (Изборно)....45-2
AutoTrac RowSense....45-2

Нагодувања
Нагодување и израмнување на врвовите на собирачот....50-1
Нагодување на ножевите за отпад....50-2
Нагодување на затегнатоста на синџирот на собирачот....50-3
Нагодување на запците на синџирот на собирачот....50-3
Нагодување на плочи на платформата....50-4
Прилагодување на простор меѓу редови....50-5
Нагодување на погонскиот синџир на единица за ред....50-7
Прилагодување на погонски запчаници на редна единица

Страница

(комбајни со фиксна брзина на куќиштето за достава)....50-8
Нагодување на висината на спиралата....50-9
Спојување на синџирот....50-10
Нагодување на погонскиот синџир на спиралата....50-11

Подмачкување
Подмачкувач Corn Head Grease....55-1
Подмачкувач....55-1
Складирање на подмачкувач....55-1
Алтернативни и синтетички подмачкувачи....55-1
Мешање на подмачкувачи....55-2

Подмачкување и одржување
Симболи за подмачкување....60-1
На секои 50 работни часови....60-1
Направете инспекција и прилагодување на синџири - на секои 200 работни часа....60-2
На секои 200 работни часови....60-3
На секои 1000 работни часови....60-7

Решавање проблеми
Хедер за пченка....65-1
Активни команди за хедерот (AHC)....65-4

Сервисирање
Безбедносен граничник на доставната комора....70-1
Отстранете и поставете ги ролните за стебло....70-1
Обраќање на синџирите на собирачот и запчениците за дополнително абење....70-5
Отстранете и поставете го синџирот на собирачот....70-6
Отстранете и поставете го садот за масло....70-7
Отстранете и поставете ги лентите за носење....70-9
Отстранете и поставете ги сечилата на ножевите за сечкање StalkMaster™....70-9
Чистење на хедер за пченка....70-10

Складирање
Крај на сезонското сервисирање....75-1
Започнување на сезонското сервисирање....75-1

Спецификации
Спецификации....80-1
Чувајте го доказот за сопственост....80-2
Држете ја машината на сигурно место....80-2
Унифицирани вредности на моментот на вртење за цолови завртки и шрафови....80-3

Продолжува на следната страница

Страница

Метрички вредности на моментот на
вртење за завртките и шрафовите 80-4
ЕЗ Декларација за сообразност 80-5

Сериски број

Плочка за тип на хедерот за пченка.....85-1
Сериски број.....85-1

Идентификациски изглед

KM1000637 —UN—25SEP08

Приказ на хедер за пченка 608C

KM00321,0000026 -A8-24SEP08-1/1

Безбедносни карактеристики на хедер за пченка



KM1000638 —UN—25SEP08

A—Уред за спречување несреќи B—Безбедносни налепници

Дополнително на безбедносните карактеристики прикажани овде, безбедносните знаци на хедерот за пченка и пораките за безбедност и инструкциите во прирачникот за работа допринесуваат кон безбедно работење со овој хедер за пченка кога е искомбинирано со внимателност и грижливост од страна на способен оператор.

KM00321,0000027 -A8-29AUG08-1/1

Препознавање на информациите за безбедност

Ова е знак за сигурносно предупредување. Кога ќе го видите овој симбол на Вашата машина или во овој прирачник, внимавајте на можна лична повреда.

Следете ги препораките за претпазливост, како и општите правила за безбедна работа.

T81389 —UN—28JUN13

DX,ALERT -A8-29SEP98-1/1

Разбирање на предупредувачките пораки

Предупредувачката порака—ОПАСНОСТ (DANGER), ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ (WARNING) или ВНИМАНИЕ (CAUTION)— се користат со знак за сигурносно предупредување. ОПАСНОСТ (DANGER) означува најсериозни опасности.

Заштитните знаци ОПАСНОСТ (DANGER) или ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ (WARNING) се поставуваат блиску до посебни опасности. Заштитните знаци ВНИМАНИЕ (CAUTION) означуваат општи предупредувања. ВНИМАНИЕ (CAUTION), исто така, упатува на пораки за безбедност во овој прирачник.



TS187 —A8—23APR14

DX,SIGNAL -A8-03MAR93-1/1

Внимавање на сообраќајните прописи на патиштата

Секогаш внимавајте на локалните сообраќајни прописи кога возите по јавни патишта.

H28930 —UN—30JUN89

FX,ROAD -A8-01MAY91-1/1

Носете заштитна облека

Додека работете, носете тесна облека и соодветна опрема за безбедна работа.

Долготрајната изложеност на силна бучава може да предизвика оштетување или губење на слухот.

Носете соодветни заштитни средства за уши, како што се слушалки или тампони за уши за да се заштитете од непријатната гласна бучава.

Безбедното ракување со опремата го бара целосното внимание на операторот. Не носете слушалки за радио или музика додека работете со машината.



TS206 —UN—15APR13

DX,WEAR -A8-10SEP90-1/1

Следете ги упатствата за безбедност

Внимателно прочитајте ги сите пораки за безбедност во овој прирачник како и знаците за безбедност на Вашата машина. Одржувајте ги знаците за безбедност во добра состојба. Заменете ги изгубените или оштетените знаци за безбедност. Проверете дали новата опрема и поправените делови ги имаат моментално важечките знаци за безбедност. Резервни знаци за безбедност може да се добијат од Вашиот трговец со John Deere опрема.

Може да постои дополнителна безбедносна информација наведена на деловите и компонентите кои доаѓаат од снабдувачите, кои не се вклучени во овој прирачник.

Научете како да работете со машината и како правилно да ги користите контролите. Не дозволувајте необучено лице да управува со машината.

Одржувајте ја Вашата машина во добра работна состојба. Самоволните модификации на машината



TS201 —UN—15APR13

може да го загрозат нејзиното функционирање и/или безбедноста и да влијаат врз нејзиниот работен век.

Ако не го разбирате кој било дел од овој прирачник и потребна Ви е помош, контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,READ -A8-16JUN09-1/1

Подготовка за итни случаи

Бидете подготвени во случај на пожар.

Држете ги при рака кутијата за прва помош и апаратот за гасење на пожар.

Во близина на Вашиот телефон, држете ги броевите на лекарите, службата за итна помош, болницата и противпожарната служба.



TS291 —UN—15APR13

DX,FIRE2 -A8-03MAR93-1/1

Безбедно складирање на опремата

Складираната опрема, како што се двојните тркала, гајбите за тркалата и товарачите може да паднат и да предизвикаат тешки повреди или смрт.

Добро прицврстете ја складираната и приклучната опрема за да спречите нејзино паѓање. Деца и неовластени лица не смеат да бидат во близина на просторот за складирање.

TS219 —UN—23AUG88

DX,STORE -A8-03MAR93-1/1

Баластирање за безбеден контакт со земјата

Перформансите за работење, управување и сопирање на комбајнот значително се под влијание од страна на тешки предни приклучни уреди кои го изменуваат центарот на гравитација на комбајнот.

За да го одржите потребниот контакт со земјата, соодветно баластирајте го задниот дел на комбајнот.

Почитувајте ги максималните дозволени оптоварувања за оска и вкупната тежина.



H51907 —UN—10FEB99

KM00321,0000024 -A8-27AUG08-1/1

Паркирање и оставање на комбајнот

Спуштете ја единицата за жнеење на земјата.

Пред да го оставите комбајнот, исклучете ја единицата за жнеење и сепараторот. Исклучете го моторот и поместете ја рачката за менување брзини во неутрална положба. Активирајте ја сопирачката за паркирање, отстранете го клучот и заклучете ја кабината на операторот.

Никогаш не ја оставајте комбајната без надзор се додека моторот работи.

Никогаш не напуштајте ја кабината на возачот додека возете.



TS230 —UN—24MAY89

JK22594,00000E2 -A8-15AUG06-1/1

Избегнувајте контакт со движечките материјали

Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од погонските делови. Никогаш не ја чистете, не ја подмачкувајте и не ја нагодувајте машината кога таа работи.

TS256 —UN—23AUG88

JK22594,00000E3 -A8-15AUG06-1/1

Користете сигурносни светла и уреди

Спречете ги сударите со другите учесници во сообраќајот, спорите трактори на кои е приклучена дополнителна опрема или товар и машините со сопствен погон на јавните патишта. Често проверувајте го сообраќајот зад вас, особено при вртењата и користете ги трепкачите.

Користете ги предните светла, светлата за предупредување што трепкаат и трепкачите за вртење, и дење и ноќе. Следете ги локалните регулативи за светлосните и сигналните уреди. Одржувајте ги светлата и ознаките видливи, чисти и во добра работна состојба. Заменете ги или поправете ги светлата и ознаките што се оштетени или изгубени. Може да набавите комплет за безбедно осветлување на приклучен уред од Вашиот трговец со John Deere опрема.



TS951 —UN—12APR90

DX,FLASH -A8-07JUL99-1/1

Прекинувач за откачување на патен транспорт (црн)

Прекинувачот за исклучување на патен транспорт (A) мора да биде во режим за пат кога машината се движи по јавни патишта.

Кога прекинувачот за исклучување на патниот транспорт ќе се притисне, индикациското светло (B) ќе се вклучи покажувајќи дека прекинувачот е во режим за пат. Прекинувачот за исклучување патен транспорт ќе ги оневозможи следните функции:

- Враќање на висина на хедерот
- Детекција за висината на хедерот
- КОНТУРЕН МАСТЕР
- Подигнување/спуштање на намотката и движење напред/назад на намотката
- Растоварување на спиралата
- Нишање на спиралата
- Автоматско преклопување на спиралата (ако постои)
- Вклучување на сепараторот
- Вклучување на хедерот
- Подигнување/спуштање на хедерот

За повторно вклучување на функциите за теренска работа, повторно притиснете го прекинувачот за



H86951 —UN—20NOV06

A—Прекинувач за исклучување патен транспорт

B—Индикациско светло

откачување на патен транспорт и светлосниот индикатор ќе се ИСКЛУЧИ овозможувајќи им на прекинувачите од посакуваните функции повторно да работат.

JK22594,00002B1 -A8-31AUG07-1/1

Транспортирање на комбајна со инсталиран хедер за пченка

Пред да ја возите комбајната на јавни патишта, хедерот за пченка мора да биде подигнат и обезбеден во подигната положба. Сепак, не смее да ја попречува прегледноста на операторот.



KM1000636

KM1000636 —UN—26AUG08

KM00321,0000025 -A8-01SEP08-1/1

Бидете оддалечени од хедерот

Ролните за стебла кај хедерот за пченка, и.т.н, неможе целосно да бидат заштитени со конструктивни мерки како последица на нивната функционалност. Секогаш бидете оддалечени од овие подвижни елементи за време на работење! Секогаш исклучете го погонот за предниот дел, изгаснете го моторот и отстранете го клучот пред сервисирање или одглавување на предниот дел.

H42442 —UN—10JAN91

CRNHD,90SA,B -A8-14AUG97-1/1

Избегнувајте заплеткување

За да избегнете заплеткување, не вршете полнење на жетвен материјал во машина со рака и не обидувајте се рачно да ја одзатнете машината додека таа работи. Ролните за стебла можат да го стават према внатре материјалот од посевот побрзо отколку што вие можете да го ослободите зафатот на раката со посев.



H45810 —UN—22JUL93

CRNHD,90SA,C -A8-14AUG97-1/1

Бидете оддалечени од ротирачките погонски линии

Заплеткувањето во ротирачката погонска линија кај задното вратило може да предизвика сериозна повреда или смрт.

Штитниците на погонската линија секогаш држете ги на нивното место.

Носете облека што ја следи формата на телото. Запрете го моторот на комбајнот и осигурајте се погонската линија да биде запрена пред да правите прилагодувања, поврзувања или чистење на предниот дел или неговите делови.

TS1644 —UN—22AUG95

OUO6035,000146A -A8-30JUL01-1/1

Практикувајте само-одржување

Проучете ги сервисните постапки пред да почнете со работа. Одржувајте го просторот чист и сув.

Никогаш не ја подмачкувајте, не ја поправајте и не ја нагодувајте машината додека таа е во движење. Чувајте ги дланките, стапалата и облеката далеку од погонските делови. Исклучете го погонскиот напон и ослободете го притисокот со активирање на соодветните команди. Спуштете ја приклучената опрема на тлото. Исклучете го моторот. Извадете го клучот. Оставете го моторот да се олади.

Безбедно потпрете го секој елемент на машината што треба да биде подигнат заради сервисирање.

Одржувајте ги сите делови во добра состојба и соодветно наместени. Веднаш поправете го секое оштетување. Заменете ги истрошените или оштетените делови. Отстранете каква било наслага од подмачкувачи, масло и отпадоци.

Кај самодвижечката опрема, одвојте го кабелот за маса од акумулаторот (-) пред да правите нагодувања на електричните системи или да заварувате на машината.

Кај уреди кои се влечат, исклучете ги електричните кабли од тракторот пред да ги сервисирате компонентите на електричниот систем или да заварувате на машината.

TS218 —UN—23AUG88

DX,SERV -A8-17FEB99-1/1

Сервисирајте машини безбедно

Врзете ја долгата коса зад Вашата глава. Не носете вратоврска, шал, олабавени алишта или ѓердан кога работите во близина на машински алати или движечки делови. Ако овие предмети се зафатат некаде, тоа може да предизвика сериозна повреда.

Отстранете ги прстените и какво било друг накит за да спречете кратки споеви или заплеткување во движечките делови.



TS228 —UN—23AUG88

DX,LOOSE -A8-04JUN90-1/1

Заштитници и штитници

Секогаш држете ги заштитниците и штитниците во своите места. Осигурете дека тие можат да се сервисираат и дека се поставени исправно.

Секогаш исклучете ја главната спојка, исклучете го моторот и отстранете го клучот пред да отстранувате какви било заштитници или штитници.

Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од подвижните делови.



TS285 —UN—23AUG88

JK22594,00000E5 -A8-15AUG06-1/1

Безбедно потпирање на машината

Секогаш прво спуштете ја приклучената или дополнителната опрема на земја пред да работите на машината. Ако работата бара машината или приклучениот уред да бидат подигнати, тогаш обезбедете сигурно потпирање за нив. Ако бидат оставени во подигната положба, деловите што хидраулички се потпираат може да се спуштат или да попуштат.

Не ја потпирајте машината со блокови од згура, шупливи тули или со други материјали што можат да се здробат под константниот товар. Не работете под машината која е придржувана само со дигалка. Придржувајте се кон постапките препорачани во овој прирачник.

Кога се користат приклучни уреди или приклучна опрема заедно со машината, секогаш внимавајте на мерките за безбедност што се наведени во прирачниците за приклучните уреди или приклучната опрема.



TS229 —UN—23AUG88

DX,LOWER -A8-24FEB00-1/1

Избегнувајте течности под висок притисок

Прегледувајте ги хидрауличните цевки периодично – најмалку еднаш годишно – од истекување, замотување, исекотини, абразија, меури, корозија, оголени жици или било какви други знаци на абење или оштетување.

Веднаш заменете ги изабените или оштетените склопови и црева со одобрени John Deere резервни делови.

Истекувањето на течноста под висок притисок може да ја пробие кожата и да предизвика сериозни повреди.

Избегнувајте ги несреќите со испуштање на притисокот од хидрауличните и од другите црева пред нивно одвојување. Затегнете ги сите приклучоци пред повторно да воспоставите притисок во системот.

Со парче картон проверете нешто да не истекува. Заштитете ги рацете и телото од течностите под висок притисок.

Ако се случи несреќа, веднаш одете на лекар. Ако некоја течност продре под кожата, мора да се



X9811 —UN—23AUG88

отстрани по хируршки пат во рок од неколку часови, во спротивно може да предизвика гангрена. Лекарите кои не се стручни за овој вид повреди, треба да се консултираат со компетентен медицински извор. Информација за ова може да се добие на англиски јазик од Deere & Company Медицински оддел во Молин, Илиноис, С.А.Д., преку повикување на броевите 1-800-822-8262 или +1 309-748-5636.

DX,FLUID -A8-12OCT11-1/1

Отстранете ја бојата пред заварување или загревање

Избегнувајте ги потенцијалните токсични гасови и прашината.

Штетни гасови се создаваат кога бојата се загрева во текот на заварувањето, лемењето или користењето на апарат за автогено заварување.

Отстранете ја бојата пред загревање:

- Отстранете ја бојата во круг од најмалку 100 mm (4 in.) од местото што се загрева. Ако бојата не може да се отстрани, тогаш ставете соодветен респиратор пред загревањето или заварувањето.
- Ако ја шмирглате или ја брусите бојата, избегнувајте да ја вдишувате прашината. За таа цел, носете одобрена респираторна маска.
- Ако користите растворувач или растворувач за боја, тогаш отстранете го растворувачот со сапун и вода пред заварувањето. Амбалажата од растворувачите и растворувачите за боја и другиот запалив материјал, отстранете ги од работната зона. Пред заварувањето или загревањето, почекајте најмалку 15 минути за гасовите да исчезнат.



TS220 —UN—15APR13

Не користете хлориран растворувач во зоните каде што се заварува.

Целата работа извршувајте ја на добро вентилирано место за да се отстранат кон надвор штетните гасови и прашината.

Отстранете ги правилно бојата и растворувачот.

DX,PAINT -A8-24JUL02-1/1

Избегнувајте загревање во близина на цевки за течности под притисок

Запаливиот гас може да се создаде поради загревање во близина на цевки за течност под притисок, што може да предизвика сериозни изгореници кај работникот и кај оние што се во близина. Не загревајте преку заварување, лемење или користење на апарат за автогено заварување во близина на цевки за течност под притисок или на други запаливи материјали. Цевките под притисок може одеднаш да пукнат заради топлината што се развива во непосредна близина на пламенот.

TS953 —UN—15MAY90

DX,TORCH -A8-10DEC04-1/1

Прописно отстранете го отпадот

Несоодветното отстранување на отпадот може да биде штетно за околината и екологијата. Како потенцијален штетен отпад кога се користи опремата на John Deere се сметаат предметите како што се масло, гориво, средства за разладување, течност за сопирачки, филтри и акумулатори.

Кога преточувате течности користете непропустливи садови. Не користете садови за храна или пијалаци кои можат да наведат некого да јадат или пијат од нив.

Никогаш не ставајте отпад на земјата, во канализацијата или во кој било друг извор на вода.

Средствата за разладување од системот за климатизација може да и наштетат на атмосферата на Земјата. Некои владини регулативи може да налагаат користените системи за климатизација да се носат и да се рециклираат само во стручни центри за работа со системи за климатизација.



TS1133 —UN—15APR13

Информирајте се за соодветниот начин на рециклирање на отпадниот материјал од Вашиот локален центар за рециклирање или од Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,DRAIN -A8-03MAR93-1/1

Заменете ги знаците за безбедност

Заменете ги изгубените или оштетените знаци за безбедност. Видете го прирачник за користење на машината за точно поставување на знаците за безбедност.



TS201 —UN—15APR13

DX,SIGNS1 -A8-04JUN90-1/1

Сликовити безбедносни знаци

На неколку важни места кај оваа машина, поставени се безбедносни знаци со намера да означат потенцијална опасност. Опасноста е претставена преку слика во предупредувачки триаголник. Соседната слика дава информации за како да се избегне лична повреда. Овие безбедносни знаци, нивната поставеност на машината и краток опис се прикажани подолу.

TS231 —A8—23APR14

OUO6075,0004057 -A8-10AUG05-1/1

Прирачник за користење

Овој прирачник за користење ги содржи сите важни информации потребни за безбедна работа со машината. Внимателно почитувајте ги сите правила за безбедност за да избегнете несреќи.



KM1000639

KM1000639 —UN—28AUG08

KM00321,0000028 -A8-28AUG08-1/1

Поправка и одржување

Пред да изведувате поправка или да работите на одржување, исклучете го моторот и отстранете го клучот.



KM1000640

KM1000640 —UN—28AUG08

KM00321,0000029 -A8-28AUG08-1/1

Дробилка

Не допирајте ниту еден од подвижните делови на машината. Причекајте додека не престанат да се движат сите делови.

Ротирачките сечила не се запираат веднаш кога машината ќе се исклучи.



KM1000641

KM1000641 —UN—28AUG08



KM1000642

KM1000642 —UN—28AUG08

KM00321,000002A -A8-28AUG08-1/1

Хедер за пченка

Бидете оддалечени од ротирачките делови за да избегнете телесна повреда.

Рацете, нозете или олабавената облека може да бидат потфатени од страна на ротирачките делови при работа.

Секогаш држете го бараното безбедносно растојание од ротирачките делови.

Причекајте додека не престанат да се движат сите делови.



KM1000644

KM1000644 —UN—28AUG08



KM1000645

KM1000645 —UN—28AUG08

KM00321,000002B -A8-28AUG08-1/1

Свердел на хедер за пченка

ОПАСНОСТ - бидете оддалечени од хедерот за пченка. Исклучете го погонот на хедерот за пченка, изгаснете го моторот и отстранете го клучот пред сервисирање или одглавување на предниот дел.



KM1000652

KM1000652 —UN—28AUG08



KM1000653

KM1000653 —UN—28AUG08

KM00321,000002C -A8-28AUG08-1/1

Надворешни наставки на собирачот

Не посегнувајте во опасните маста каде што се крши посевот, кога се подигнуваат или спуштаат надворешните продолжетоци на собирачот.



KM1001222

KM1001222 —UN—07JUL10



KM1001228

KM1001228 —UN—09JUL10

KM00321,0000337 -A8-09JUL10-1/1

Област каде се врши преклопување

Бидете оддалечени од областа каде се врши преклопување на хедерот за пченка.

Кога вршите преклопување или исправување на хедерот за пченка, осигурајте се да нема никој во областа каде се врши преклопувањето.

Пред преклопување или исправување, осигурајте се сите лица да се држат на бараното безбедносно растојание од хедерот за пченка.



KM1000646

KM1000646 —UN—28AUG08



KM1000647

KM1000647 —UN—28AUG08

KM00321,000002D -A8-28AUG08-1/1

Рамка на преклоплив хедер за пченка

Никогаш не посегнувајте во опасните маста каде што се крши посевот се додека може да имаме движење на надворешните крајни делови.



KM1000648

KM1000648 —UN—28AUG08



KM1000649

KM1000649 —UN—28AUG08

KM00321,000002E -A8-03SEP08-1/1

Хедер за пченка

ОПАСНОСТ - бидете оддалечени од хедерот. Исклучете го погонот за предниот дел, изгаснете го моторот и отстранете го клучот пред сервисирање или одглавување на предниот дел.



KM1000650

KM1000650 —UN—28AUG08



KM1000651

KM1000651 —UN—28AUG08

KM00321,0000122 -A8-09MAR09-1/1

Хидрауличен систем

Хидрауличниот притисок не смее да надмине 1000 kPa (210 bar; 3046 psi).



KM1000654

KM1000654 —UN—28AUG08

KM00321,0000030 -A8-28AUG08-1/1

Подготовка на хедер за пченка за превоз

Секогаш кога хедерот за пченка се превезува одделно на рамен носач, секогаш наместете ја палетата за транспорт (A) која ви е испорачана.

Откако транспортната палета (A) е наместена, хедерот за пченка може да биде натоварен со виљушкар.

ВНИМАНИЕ: Осигурајте се виљушкарот да ги исполнува барањата за тежината на хедерот за пченка (видете во делот "спецификации".)

A—Палета за транспорт



KM1000655 —UN—25SEP08

KM00321,0000031 -A8-29AUG08-1/1

Распакување

Веднаш штом ќе го отстраните материјалот од пакувањето, проверете ја единицата да не има некакво оштетување што може настанало за време на транспортот.

KM00321,0000038 -A8-01SEP08-1/1

Отстранување на палетата за транспорт

Отстранете ја палетата за транспорт (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Задржете ја палетата за транспорт (A) и предадете ја на купувачот. Таа секогаш ќе биде потребна ако хедерот за пченка се транспортира одделно, со цел да се спречи оштетување на машината.

A—Палета за транспорт



KM1000655 —UN—25SEP08

KM00321,0000032 -A8-29AUG08-1/1

Возење на јавни патишта

ВНИМАНИЕ: Кога возите по јавни патишта или автопатишта ноќе или во текот на денот, следете ги локалните патни регулативи во однос на предупредувачките уреди, светла и безбедност. Погледајте исто така во делот за "безбедност".

ВАЖНО: Погледнете го соодветниот прирачник за работа со комбајна за да се исполнат прописите на локалната власт при возење на комбајна на јавни патишта.

Ако хедерот за пченка треба да биде транспортиран, прво преклопете го.

KM00321,0000035 -A8-01SEP08-1/1

Спуштање на надворешните продолжетоци на собирачот

ВНИМАНИЕ: Продолжетоците (A) се напрегнати со пружина. Обрнете големо внимание кога ги подигнувате или спуштате продолжетоците за да спречите ризик од здробување.

Надворешните продолжетоци на собирачот (A) мора да бидат спуштени кога се преклопува хедерот за пченка.

За да ги спуштите продолжетоците притиснете го клинот (B) внатре и спуштете ги продолжетоците.

A—Наставки **B—Клин**



H89215 —UN—23JUL07

KM00321,0000123 -A8-09MAR09-1/1

Преклопување/исправување на хедер за пченка (комбајни се до MY 2011)

ВНИМАНИЕ: Опасност од СЕРИОЗНИ повреди! Пред да правите преклопување или исправување на хедерот за пченка, осигурајте се никој да не стои близу до хедерот за пченка.

ВАЖНО: Погонските вратила треба да бидат откачени и сместени во нивната складишна позиција пред преклопување на хедерот за пченка.

Притиснете и задржете ја десната страна на прекинувачот (A) за да го преклопите хедерот за пченка, притиснете и задржете ја левата страна на прекинувачот (A) за да го исправите хедерот за пченка.

A—Прекинувач за намотка

KM1000665 —UN—25SEP08

KM00321,0000506 -A8-26SEP11-1/1

Преклопување/исправување на хедер за пченка (комбајни од MY 2012)

1. Притиснете го прекинувачот-кратенка со функција за преклопување (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот-кратенка со функција за преклопување (A) дава директен пристап на екранот за функциите "отвори/затвори го капакот на резервоарот за жито" или "преклопи/исправи го хедерот за пченка".

A—Прекинувач-кратенка со функција за преклопување

H94727 —UN—27JAN10

KM00321,0000507 -A8-06OCT11-1/2

2. **Поставки на функцијата на преклопувањето:**
   - Капаци на резервоарот за зрна
     - Икона за отворено
     - Икона за затворено
   - Преклоплив хедер за пченка
     - Икона Расклопи
     - Икона Преклопи

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за преклоплив хедер за пченка (A) е прикажана само кога е инсталиран преклопливиот хедер за пченка.

Кога иконата (A) е нагласена, држете го притиснат прекинувачот за потврда се додека процесот за преклопување/исправување е завршен.



KM1001789 —UN—06OCT11

A—Икона за преклоплив хедер за пченка

KM00321,0000507 -A8-06OCT11-2/2

Спречување несреќи

При возење на јавни патишта целата област околу точките на собирачот мора да бидат покриени со уред за спречување на несреќи (A).

Склопувачки секвенци на уредот за спречување несреќи (A):

1. Откако сите подвижни делови дојдат во целосно смирена состојба, преклопете го надворешниот крај на секциите.
2. Употребете ги двете приложени завртки за да го прикачите уредот за спречување несреќи (A) на точките на собирачот.

Странични ламби и индикатори:

Како што страничните ламби и индикаторите на комбајната се вообичаено покриени со надворешните краеви на секциите во подигната позиција, уредот за спречување несреќа располага со две дупли позициони ламби/индикатори (B). За 12 V напојување користете го 7 полниот приклучок што се наоѓа од десната страна на комбајната.

KM1000666 —UN—25SEP08

A—Уред за спречување несреќи

B—Позициони ламби/индикатори

Растојание од подлогата:

При возење на јавни патишта хедерот за пченка мора да биде кренат така да предниот уред за спречување несреќи (A) приближно е 300 mm (1 ft) над површината на подлогата.

KM00321,0000037 -A8-03SEP08-1/1

Прикачување на хедерот за пченка со доставната комора

ВАЖНО: Видете во вашиот прирачник за работа за специфичните барања за гуми кога работите со хедер.

Клиновите за заклучување не смеат да се вклучуваат додека хедерот е на земјата. Ако комбинираната спојка мора да биде активирана додека хедерот е на земја, откачете го кабелот од рачката.

1. Озвучете со сирената, стартувајте го моторот и спуштете ја доставната комора.
2. Возете ја комбајната полека напред се додека куќиштето за достава ќе се намести во средината на отворот од рамката за прикачување.
3. Подигнете го целосно хедерот за пченка, осигурувајќи се дека двете куки (A) на куќиштето за достава ја досегаат предната страна на главната греда од рамката на хедерот за пченка.
4. Поставете ја паркирната сопирачка, изгаснете го моторот, отстранете го клучот и спуштете ги безбедносните запирачи.
5. Блокирајте ги дигалките (A) од десната и левата страна во највисоката позиција. За да го направите ова, извлечете го надвор клинот со напрегната пружина (C) и оставете го повторно да се ангажира кога дигалката ќе дојде до нејзината крајна позиција.



H70033 —UN—19SEP01



KM1000656 —UN—29AUG08

A—Кука (2 на доставната комора)
B—Рачна дигалка
C—Клин со напрегната пружина

Продолжува на следната страница

KM00321,0000336 -A8-22JUN10-1/7

6. Отстранете го капакот (A) и исчистете го лицето на мулти-спојката (B).

A—Капак **B—Лице на мулти-спојка**



H74036 —UN—19NOV02



H74037 —UN—05NOV02

KM00321,0000336 -A8-22JUN10-2/7

7. Отстранете ја повеќе спојката (A) од складишниот држач (B).

A—Мулти-спојка **B—Складиштен држач**



KM1001221 —UN—09JUL10

Продолжува на следната страница KM00321,0000336 -A8-22JUN10-3/7

ЗАБЕЛЕШКА: За да спречите оштетување на кабелот за заклучување, на рачката е прикачена заштитна завртка. Обидите за ракување со клиновите за заклучување додека хедерот е на земјата ќе ја скрши завртката на рачката. (Погледнете во Положба на дополнителни заштитни завртки во ова поглавје.)

Со прикачен хедер, клиновите за заклучување се движат слободно низ отворите на плочата за заклучување. Ако клиновите за заклучување не се протегаат низ плочите за заклучување, осигурете дека плочите за заклучување на хедерот се соодветно прилагодени.

8. Поставете ја мулти-спојката (A) во приклучната кутија (B) и затворете ја рачката (C).



H89284 —UN—20JUL07

A—Мулти-спојка
B—Приклучна кутија
C—Рачка

KM00321,0000336 -A8-22JUN10-4/7

Блокирачко копче на повеќе спојки

ВАЖНО: Неуспешноста целосно да се затвори мулти-спојката со цел да се активира заклучувањето со копче може да предизвика паѓање на хедерот за време на жнеење или транспортирање.

1. Кога рачката на мулти-спојката е целосно затворена, заклучувањето со копче (A) автоматски ќе ги заклучи спојките заедно.

A—Копче за заклучување



H82373 —UN—07FEB05

Брава опремена со заклучување со копче

Продолжува на следната страница

KM00321,0000336 -A8-22JUN10-5/7

2. Резе клинот (A) треба да се движи слободно низ отворите на резе плочката (B) во хедерот кога повеќе спојката е забравена. Тоа може да бара прилагодување на резе плочката (C).
3. **Ако е потребно прилагодување:** Олабавете ги навртките (D) и порамнете ја резе плочката (C).
4. Стегнете ги навртките (D) според M12 спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава
M12—Вртлив момент.....130 N·m (96 lb-ft)

A—Клин за заклучување
B—Отвор на резе плочка
C—Резе плочка
D—Навртки



KM1000658

KM1000658 —UN—29AUG08



KM1000659

KM1000659 —UN—29AUG08

KM00321,0000336 -A8-22JUN10-6/7

5. Отстранете ги погонските вратила (A) од десна и лева страна од складишната позиција и инсталирајте на задното вратило на куќиштето за достава, осигурете се брзо спојната јака да биде целосно заклучена.
6. Прицврстете го штитот на погонското вратило (A) со безбедносен синџир (B) спротивно од ротирањето.

ВАЖНО: Погонските вратила од десна и лева страна се различни. Осигурајте се секогаш погонските вратила да бидат инсталирани на соодветната страна.

A—Погонска оска
B—Безбедносен синџир



KM1000660

KM1000660 —UN—25SEP08

KM00321,0000336 -A8-22JUN10-7/7

Одвојување на хедерот за пченка од доставната комора

⚠ ВНИМАНИЕ: Не оставајте ги погонските вратила на комбајната. Лична повреда или оштетување на машината можат да настанат ако доставната комора случајно се вклучи.

1. Отспојте ги погонските вратила од куќиштето за достава кај брзо отспојните спојки (A) на лева и десна страна на куќиштето за достава.
2. Поставете ги погонските вратила во складишна позиција (B).

ВАЖНО: Клиновите за заклучување не смеат да се вклучуваат додека хедерот е на земјата. Ако комбинираната спојка мора да биде активирана додека хедерот е на земја, откачете го кабелот од рачката.

ЗАБЕЛЕШКА: Клиновите за заклучување треба да бидат целосно повлечени кога рачката е целосно наспроти граничникот. Нагодете го кабелот за монтирање ако клиновите за заклучување не се целосно повлечени (погледнете во Заклучување со единичен врв—Нагодување).

3. Кренете ја рачката за да ја отспоите повеќе спојката.
4. Отспојте ја повеќе спојката од комбајната и поставете ја во складишна позиција (C).



KM1000667 —UN—25SEP08



KM1000662 —UN—25SEP08

A—Спојка за брзо исклучување
B—Положба за складирање
C—Складишна позиција на повеќе спојка

Продолжува на следната страница

KM00321,0000034 -A8-01SEP08-1/2

5. Спуштете го хедерот за пченка на подлогата.
6. Изгаснете го моторот на комбајната, извадете го контактниот клуч за палење и активирајте ја паркирната сопирачка.

ЗАБЕЛЕШКА: Оставете го хедерот за пченка да стои на висина што му овозможува подоцна на хедерот да биде повторно прикачен на комбајна. Никогаш не избирајте висина што е премногу ниска.

7. Од лево и десно, спуштете ги дигалките (A) и блокирајте ги истите на соодветна висина. За да го направите ова, извлечете го надвор клинот со напрегната пружина (B) и оставете го повторно да се активира кога дигалката е на точната висина.
8. Свирнете со сирената, стартувајте го моторот, спуштете го куќиштето за достава се додека куките (C) не се под горната греда на хедерот и возете ја комбајната полека наназад.

A—Дигалка
B—Клин со напрегната пружина
C—Куки (2 на доставната комора)



KM1000663 —UN—25SEP08



KM1000664 —UN—25SEP08

KM00321,0000034 -A8-01SEP08-2/2

Заклучување со единичен врв—Нагодување

ЗАБЕЛЕШКА: КОНТУРЕН МАСТЕР на куќиштето за достава: Нагодувањата треба да се вршат единствено на кабелот на рачката за мулти-спојката.

Порамнување со теренот на доставната комора: Нагодувањата треба да е извршат единствено на кабелот на рачката за мулти-спојката, освен ако кабелот не е центриран во долниот крај (положба на клинот за заклучување). Погледнете во Кабел во долниот дел за порамнување со теренот на доставната комора—Нагодување.

1. Отворете го левиот штитник (A) на доставната комора.
2. Олабавете ги контра-навртките (B) на кабелот.

ВАЖНО: Осигурете дека рачката е наспроти граничникот на мулти-спојката. Неуспешноста во осигурувањето дека рачката е наспроти граничникот ќе резултира во неточни димензии за клиновите и може да предизвика хедерот да падне додека се врши жнеење или транспортирање.

3. Повторно поставете ја рачката на мулти-спојката наспроти граничникот.



H78649 —UN—17OCT03



H78650 —UN—17OCT03

A—Штитник **B—Контра-навртка**

JK22594,0000094 -A8-27JUL06-1/4

ЗАБЕЛЕШКА: Поместувањето на кабелот “нагоре” во држачот го повлекува клинот повеќе кон внатре.

Поместувањето на кабелот “надолу” во држачот го притиска клинот повеќе кон надвор.

4. Нагодете го кабелот во држачот колку што е потребно за соодветно нагодување на клинот:
   - Левиот клин за заклучување треба да биде порамнет на +/- 2 mm (A).

A—Димензија



H79344 —UN—10DEC03

Лев клин за заклучување

Продолжува на следната страница

JK22594,0000094 -A8-27JUL06-2/4

5. Држете ја долната контра-навртка (B) и затегнете ја горната контра-навртка (A).

A—Горна контра-навртка **B—Долна контра-навртка**



H81289 —UN—23JUN04

JK22594,0000094 -A8-27JUL06-3/4

ВАЖНО: Пропустот во проверката на клиновите дека се поставени според одредените димензии и може да доведе до испаѓање на хедерот од комбајната за време на жнеење или превоз.

6. Целосно спуштете ја рачката на комбинираната спојка (A) и проверете дали клиновите (B) (и на двете страни) се поставени според спецификациите. Ако не се поставени според спецификациите, извршете повторно нагодување.

Технички податоци (спецификации)

Клинови на доставната комора—Растојание.....45 — 52 mm (1-3/4 in. — 2 in.)

A—Рачка на мулти-спојката **B—Клинови**

H81287 —UN—23JUN04



H81288 —UN—23JUN04

JK22594,0000094 -A8-27JUL06-4/4

Кабел во долниот дел за порамнување со теренот на доставната комора—Нагодување

Нагодувањата треба да бидат извршени на долниот крај од кабелот за заклучување ако навоите (A) не се центрирани во држачот (B).

Олабавете ги контра-навртките (C) и нагодете го кабелот така што навоите да бидат центрирани во држачот.

Затегнете ги контра-навртките.

A—Навои
B—Носач
C—Контра-навртка



H79380 —UN—10DEC03



H79389 —UN—10DEC03

MH81805,0000700 -A8-17MAR05-1/1

Клинови за заклучување на доставната комора (Чистење)

Ако клиновите за заклучување тешко се поместуваат, отстранете ги завртките со глава (A) и површината за чистење на клинот. Можеби ќе биде потребно целосно да го накосите рамот на доставната комора за да пристапите до овие завртки со глава.

A—Завртка со глава

H74309 —UN—18NOV02

MH81805,0000701 -A8-17MAR05-1/1

Рачно отклучување на доставната комора

За да го отстраните хедерот ако заштитната завртката се скрши, притиснете ги клиновите за заклучување (A) низ плочите за заклучување и поставете ги M12 завртките со глава (B) во отворот (C). Повторете на спротивната страна.

A—Клинови за заклучување
B—Завртка со глава
C—Отвор



H74310 —UN—18NOV02

MH81805,0000702 -A8-17MAR05-1/1

Положба на заштитна завртка за кабелот за заклучување

Ако заштитната завртка (A) се скрши, отстранете ја и заменете ја со дополнителна заштитна завртка (B). Доставени се три дополнителни заштитни завртки.

A—Заштитна завртка

B—Дополнителни заштитни завртки



H74311 —UN—25NOV02

MH81805,0000703 -A8-17MAR05-1/1

Општи информации

Врвовите на собирачот (A) се поставени помеѓу редовите пченка. Ролните за стебла (B) ги грабаат пченкарните стебла и нагло ги повлекуваат надолу меѓу ролните.

Кога пченкарниот клас ќе дојде до палубната плоча, класот е спречен да оди надолу поради тесниот отвор. Ролните за стебла продолжуваат да ги повлекуваат стеблата и да ги ослободуваат класот од стеблото.

Синџирите на собирачот (C) ги фаќаат класјата и ги носат до сврделот (D) кој ги испорачува класјата на преносникот за достава. Преносникот за достава класјата ги испорачува на цилиндерот за вршење.



H89415 —UN—01AUG07

A—Врв на собирачот
B—Ролни за стебло
C—Синџир на собирачот
D—Спирала

JK22594,000023F -A8-01AUG07-1/1

Започнување во полето

Работете со комбајната во низок степен на брзина се додека не се запознаете со хедерот за пченка.

Откако ќе направите неколку круга, запрете го хедерот за пченка и изгаснете го моторот и извадете го клучот.

Проверете ги сите лежишта од загревање. Сите завртки мора да бидат стегнати и синџирите правилно прилагодени.

MH81805,0000708 -A8-17MAR05-1/1

Правилно прилагодување на хедерот за пченка

Откако ќе направите неколку круга, проверте ги прилагодувањата на хедерот за пченка и комбајната. (Видете “ПРИЛАГОДУВАЊА”).

MH81805,0000709 -A8-17MAR05-1/1

Возете и работете внимателно

Возете внимателно така што хедерот за пченка ќе биде во редовите. Никогаш не силете го хедерот за пченка или комбајнот до точка на преоптоварување. Преоптоварувањето може да предизвика дефекти. Започнете со помал пренос на брзина и зголемувајте ја брзината додека не ја пронајдете соодветната теренска брзина при која можете да работите.

Слушајте спојките да не пролизгуваат или да не има други необични звуци. Ако хедерот за пченка се затне, исчистете го преку одржување на машината во работна брзина, но зголемувајќи ја теренската брзина, сè додека хедерот не се исчисти.

ВАЖНО: Движењето кон напред на комбајнот треба да биде приближно еднакво со движењето кон назад на запците на синџирите на собирачот, во спротивно може да настане затнување.

MH81805,000070A -A8-17MAR05-1/1

StalkMaster™ сецкач

ВНИМАНИЕ: StalkMaster сецкачките ножеви (A) може да фрлаат камења и страни тела!

За да избегнете повреда или смрт, секогаш држете го потребното безбедносно растојание од хедерот за пченка.

A—Ножеви за сечкање



KM1000799 —UN—09MAR09

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

KM00321,0000125 -A8-09MAR09-1/1

Контроли на потпирачот за рака

Контроли кај потпирачот за рака за хедерот за пченка: За целосни информации за секоја функција, погледнете во прирачниците за користење на Вашиот комбајн.

A—Прекинувач за вклучување на хедерот и на реверсерот од доставната комора
B—Прекинувач за вклучување на сепараторот
C—Прекинувач за нагодување на притисокот на лентата за сечење
D—Прекинувач за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора
E—Бројченик за избор (Работни нагодувања и команди)
F—Бројченик за контрола на притисокот за висина на хедерот/HydraFlex™
G—Вртливо копче за брзина на ролна (Dial-A-Speed™)
H—Прекинувач за исклучување патен транспорт

H99166 —UN—23NOV10

Потпирач за рака — комбајни од MY 2012 (со CommandCenter™)

H99170 —UN—23NOV10

Потпирач за рака — комбајни се до MY 2011 (со CommandCenter™)

KM00321,0000513 -A8-07OCT11-1/1

Вклучување/исклучување на погон за хедерот за пченка

ЗАБЕЛЕШКА: Операторот мора да биде на операторското седиште пред да може да се вклучат прекинувачите за одделувачот и хедерот.

За вклучување на хедерот за пченка:

- Поставете го прекинувачот за исклучување на патен транспорт (A) во положба за работа на поле.
- Вклучете го прекинувачот за сепараторот (B).
- Вклучете го прекинувачот за хедерот (C).

A—Прекинувач за исклучување патен транспорт
B—Прекинувач за вклучување на сепараторот
C—Прекинувач за вклучување на хедерот

H99168 —UN—23NOV10

Комбајни од MY 2012

H89636 —UN—15AUG07

Комбајни се до MY 2011

KM00321,0000514 -A8-07OCT11-1/1

Возни брзини на хедерот за пченка

Движењето на комбајната напред мора да биде приближно исто како движењето на спиралите на собирачките синџири према назад.

Ако теренската брзина е премногу голема, синџирите за собирање ќе ги притискаат стеблата кон напред и ќе ги откачуваат класовите. Ако теренските брзини се премногу мали, синџирите за собирање ќе ги повлечат стеблата назад во хедерот за пченка и можат да ги прекршат стеблата или да се откачат класовите.

MH81805,000070C -A8-17MAR05-1/1

Комбајни со доставна комора со фиксна брзина

Погледнете во делот за прилагодувања при измена на брзина на хедер за комбајни со фиксна брзина на куќиштето за достава.

JK22594,0000241 -A8-20JUL07-1/1

Жнеење пченка со ослабени или скршени стебла

Стеблата и класјата може да бидат ослабнати од болест (скапано стебло) или од инсекти (пченкарен молец), предизвикувајќи стеблата да се кршат близу земјата при допир на разделувачот на хедерот и штитниците на собирачот. Овој материјал се притиска во купови кои спречуваат стеблата да дојдат во контакт со ролните за стебло. Кога ова се случува, жетвата се губи и се намалува продуктивноста од жнеењето.

Следува листа од возможни решенија при вакви проблеми.

- Намалете ја возната брзина на комбајната
- Зголемете ја брзината на хедерот за пченка со променлива брзина на куќиштето за достава
- Поставете ги плочките на палубата што е можно пошироко без да дозволите класјата да допираат на ролните за стебла
- Отстранете ги заштитниците за класјата
- Заменете ги ролните за стебла ако жлебовите се многу потрошени

NS43404,0000046 -A8-19MAY08-1/1

Жнеење пченкарно зрно

- Поставете ги плочите на палубата што е можно поблиску
- Проверете дали се правилни поставките на комбајната од прирачникот за работа
- Подигнете го напречниот свредел така да класјата со најголем дијаметар поминуваат меѓу спиралата и подот без допирање
- Намалете ја брзината на задното вратило на хедерот

OUO6043,0001C82 -A8-03JAN08-1/1

Собирачи

За повеќето услови, работете така што предниот дел од врвовите на собирачот само да ја допираат земјата.

Во калливи услови или во снег, подигнете го хедерот доволно високо за да го спречите материјалот од ножевите да не навлезе во отворот на грлото.

Наодете ги сите врвови така што тие ќе бидат порамнети еден со друг.

H89417 —UN—01AUG07

JK22594,0000242 -A8-13AUG07-1/1

Подигнување и отстранување на внатрешните врвови и штитници на собирачот

1. Отстранете ја завртката со глава (A).
2. Ротирајте ја блокадата на штитникот (B) кон назад додека не излезе од штитникот (C).

ЗАБЕЛЕШКА: Не престегнувајте ја завртката со глава (B) кога ја поставувате блокадата.

Технички податоци (спецификации)

Завртка со глава за блокада на штитникот на собирачот—Вртлив момент.....20 N·m (15 lb.-ft.)

A—Шраф со глава
B—Блокада на штитник
C—Штитник



H102222 —UN—15JUN11

Прикажан е задниот дел на внатрешниот штитник



H102223 —UN—15JUN11

Продолжува на следната страница

KR43067,00008B3 -A8-15JUN11-1/2

3. Подигнете го врвот додека не се заклучи клинот (A).

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнете сериозна повреда при подигнувањето или отстранувањето на врвот и склопот на штитникот. Склопот е тежок и е незгоден за работа.

4. Повлечете ја шипката за заклучување (B) и подигнете ги заедно врвот и склопот на штитникот.
5. **АКО ПОСТОИ:** Одвоете какви било приклучоци за сензори од главниот кабелски сноп. За да пристапите до приклучоците сместени внатре во штитникот, отсечете ги лентите за стегање прикачени за задната страна на штитникот и повлечете ги приклучоците кон надвор.
6. *Одвојте го цилиндарот за подигнување:*
   a. Нанесете притисок во правец нагоре на штитникот на собирачот (C) додека осигурувачот не биде во средината на отворот со дупки (D).
   b. Подигнете го нагоре држачот (E) на цилиндарот додека држачот не излезе од клиновите.

⚠ ВНИМАНИЕ: Бидете внимателни кога подигнувате. Склопот е тежок и е незгоден за работа.

7. Лизгајте го странично штитникот на собирачот (F) додека штитникот не се ослободи од потпорните клинови (G) и подигнете го склопот на штитникот надвор од држачот.

A—Клин
B—Шипка за заклучување
C—Штитник на собирачот
D—Заден дел од отвор со дупки
E—Носач на цилиндарот за подигнување
F—Штитник на собирачот
G—Клинови за прикачување



H99087 —UN—17NOV10



H99088 —UN—23MAR11



H99089 —UN—23MAR11

KR43067,00008B3 -A8-15JUN11-2/2

Подигнување и накосување на надворешните врвови и штитници на собирачот

1. Ослободете го клинот за заклучување (A) и ротирајте го во заклучена положба.
2. Подигнете го надворешниот врв додека не се заклучи клинот (B).
3. Ослободете го клинот (C) и ротирајте го штитникот на собирачот и врвот кон надвор.

A—Сигурносен клин за заклучување
B—Клин за заклучување
C—Клин за заклучување



H88426 —UN—24JUL07



H88427 —UN—23JUL07

KR43067,000073B -A8-19NOV10-1/1

Чувари за класови

Заштитниците за класјата (A) спречуваат загуби на класјата преку пролизгување преку синџирите на собирачот и паѓање на земја.

Кај легната пченка, или ако стеблата се стремат да го запушат отворот на грлото од собирачот, отстранете ги заштитниците за класја. Задржете ги заштитниците за класјата и хардверот (механичките делови што идат со нив).

Кај исправена пченка, повторно ставете ги заштитниците за класјата за да спречите загуби на класјата.

Заменете ги чуварите на класови како што следи:

Остранете ги завртките (B) што ги прицврстуваат заштитниците на класјата и отстранете ги заштитниците за класјата.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога ги ставате заштитниците за класјата, стегнете ги завртките со вртлив момент според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент	20 N·m—25 N·m (15 lb-ft—18 lb-ft)



H89201 —UN—12JUL07

A—Чувари за класови
B—Завртки со глава

JK22594,0000247 -A8-10SEP07-1/1

Единица за ред

Во една единица за ред има сместено еден пар ножеви за отпад, синџири за собирање, плочи на платформата и ролни за стебло. Класовите пченка се отсечуваат од стеблото и се пренесуваат до спиралата преку единицата за ред.



H99154 —UN—22NOV10

KR43067,00005BA -A8-01DEC10-1/1

Ролни за стебло

Ролните за стебла ги повлекуваат пченкарните стебла надолу така да класјата се откинуваат од стеблото и од палубните плочки.

Хедерите за пченка 606C и 608C се опремени со ролни за стебла со нож за подобри перформанси при жнеење со следниве бенефиции:

- Побрзо кршење на остатоците.
- Порано загревање на почвата и сушење
- Подобрена постапка при обработка на почвата и опремата за садење, особено кај високо приносната пченка (повеќе од 150 бушели/акри, т.е. 10 тона/хектар).
- Задоволување на желбата да се намалат потребните поминувања за сецкање, сечење или димензионирање на стеблата со други приклучни уреди.
- Ролните за стебла со нож работат добро во сите услови.
- Ролните со нож работат подобро при тешка влага и во услови на висока влажност.
- Ролните со нож исто така работат подобро во висока трева, винова лоза и плевел.

KM00321,0000039 -A8-24SEP08-1/1

Хидраулично нагодливи плочи на платформа

Хидрауличната прилагодлива палубна плоча (A) му овозможува на операторот да ги прилагоди палубните плочи од кабината за различни величини на стебла и големини на клас, за да се спречи загуба на зрно од хедерот.

Палубните плочи може да се придвижат само кога моторот работи и прекинувачот за откачување на патен транспорт е во позиција за работа во поле.

Притискањето на горниот дел од прекинувачот за ролна (B) ги затвора палубните плочи и притискањето на долниот дел од прекинувачот за ролна (B) ги отвора палубните плочи.

A—Плоча на платформа **B—Прекинувач за намотка**



H89701 —UN—21AUG07

KM1000668 —UN—25SEP08

Комбајни се до MY 2011

KM1001787 —UN—26SEP11

Комбајни од MY 2012

Продолжува на следната страница KM00321,0000509 -A8-27SEP11-1/2

KM00321,0000509 -A8-27SEP11-2/2

Спирала

Спиралата (A) го пренесува жетвениот материјал од единиците за ред и го насочува жетвениот материјал во доставната комора.

A—Спирала

H89295 —UN—20JUL07

OUO6043,0001C88 -A8-03JAN08-1/1

Надворешни наставки на собирачот

Продолжетоците (A) спречуваат загуба на класот преку страниците со нископрофилен лим на собирачот.

Кога се работи во услови каде пченкарните стебла се легнати, спуштете ги надворешните продолжетоци на собирачот за непречено собирање на стеблата.

Продолжетоците се вградени во крајот на браникот и може да бидат подигнати и спуштени.

ВНИМАНИЕ: Продолжетоците (A) се напрегнати со пружина. Обрнете големо внимание кога ги подигнувате или спуштате продолжетоците за да спречите ризик од здробување.

1. Подигнете ги продолжетоците се додека клинот (B) заклучи.
2. За да ги спуштите продолжетоците притиснете го клинот (B) внатре и спуштете ги продолжетоците.

ЗАБЕЛЕШКА: Продолжетоците мора да бидат спуштени за да се подигне надворешната точка.



H89215 —UN—23JUL07

A—Наставки **B—Клин**

KM00321,000003C -A8-01SEP08-1/1

Вклучување и исклучување на ножевите за сечкање StalkMaster™

Хедерите за пченка опремени со опцијата за сечкање StalkMaster можат индивидуално да ја исклучуваат секоја кутија на запченик за сечкање. Ова му овозможува на возачот по потреба да го употребува хедерот кој сечка пченка како хедер кој не врши сечкање, или пак да го ограничи бројот на единици за редови кои го вршат сечкањето кога се посакуваат различни количини остатоци.

1. Спуштете го целосно хедерот за пченка на земјата *или* подигнете ја целосно доставната комора и активирајте го безбедносниот граничник на доставната комора.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнете сериозна повреда или смрт. НЕ извршувајте ја оваа постапка со мотор кој работи.

3. Подигнете го врвот и штитникот на собирачот (погледнете во ПОДИГНУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА СРЕДИШНИТЕ ШТИТНИЦИ И ВРВОВИ НА СОБИРАЧОТ во ова поглавје).
4. Рачката за вклучување/исклучување е монтирана на десната страна од кутијата на запченикот за сечкање (A). Ротирајте ја рачката (B) нагоре за да ги вклучите сечилата за сечкање, а кон надолу за да ги исклучите.
5. Спуштете ги штитникот и врвот на собирачот.
6. Повторете ја постапката за секоја единица за ред или по потреба.



H96326 —UN—16NOV10

A—Кутија на запченик за сечкање StalkMaster™

B—Рачка за вклучување/исклучување

KR43067,00005AA -A8-18MAY10-1/1

Ролни за стебло

Ролните за стебло ги повлекува надолу стеблата на пченката така што класовите ќе бидат отсечени од стеблото и ќе бидат поставени на плочите на платформата.

За помош при одлучувањето кои ролни за стебло се најсоодветни за Вашите потреби, погледнете ги следниве насоки:

(A) Ролни за стебло со спротивставен нож—Изборно

Се препорачува кога:
- Се користат StalkMaster™ сецкачките хедери за пченка.
- Треба да исецкаат пченкарните стебла во должина од 250 mm - 400 mm за време на жетвата.
- Потребно е побрзо разложување на остатокот.
- Потребно е претходно загревање на почвата и сушење.
- Потребно е подобрено ракување на остатокот од опремата за обработка и садење, особено при високо плодна пченка.
- Треба да се намалат потребните поминувања за сецкање стебла или сечење стебла на одредена должина со други приклучни уреди.
- Потребни се добри перформанси во суви услови.
- Жнеење при тешка треба, лози и треви.
- Потребно е да се намали потрошувачка на моќност за хедери за пченка кои не вршат сечкање.

(B) Вмешувачки ролни за стебла со нож—опција

Се препорачува кога:
- Ви треба најдобар материјал за работење кога нема сецкање кај хедерот за пченка.
- Жнеење во тешки или влажни услови.



KM1001788 —UN—27SEP11

A—Ролни за стебло со спротивставен нож

B—Ролни за стебло со совпаѓачки нож

- Потребно е побрзо разложување на остатокот.
- Потребно е претходно загревање на почвата и сушење.
- Потребно е подобрено ракување на остатокот од опремата за обработка и садење, особено при високо плодна пченка.
- Треба да се намалат потребните поминувања за сецкање стебла или сечење стебла на одредена должина со други приклучни уреди.

KM00321,000050A -A8-27SEP11-1/1

Сензори на терен за активна контрола на хедерот (опција)

Сензорите на краците (A) се наоѓаат под хедерот за пченка, монтирани на врвовите на собирачот (B). Сензорот на кракот ги следи контурите на земјата и активира потенциометар. Испратениот сигнал му овозможува на комбајнот да одржува посакувана висина на сечење за време на жнеењето.

A—Сензор на крак

B—Врв на собирачот



H100667 —UN—16MAR11

KR43067,00005A3 -A8-17MAR11-1/1

Кутии на запченик за сечкање StalkMaster™ (Изборно)

StalkMaster™ погонските елементи за сецкање (A) дозволуваат едно поминување за сецкање на пченкарните стебла на одредена должина, елиминирајќи ја потребата за дополнително минувања низ опремата. Возачите ја имаат опцијата еден или сите кутии на запчениците, овозможувајќи широк опсег на флексибилност во справувањето со отпадот.

Фабрички инсталирани сецкачи на пченкарни стебла се достапни кај моделите 606C-SM и 608C-SM на хедери за пченка.

ВАЖНО: Кутии на запченик за сечкање за заменување кои се купуваат како резервни делови се испорачуваат суви. Кутијата на запченикот МОРА да биде наполнета со масло до соодветното ниво пред да се употребува (за спецификации, погледнете во поглавјето ПОДМАЧКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ).



H96323 —UN—19MAY10

A—StalkMaster™ погонски елементи за сецкање

KM00321,000050C -A8-27SEP11-1/1

AutoTrac RowSense

AutoTrac RowSense ги користи влезните податоци од сензорите монтирани на хедерот за пченка за потпомагање на постоечката GPS навигација при управувањето на комбајнот за време на жнеењето.

Како што стеблата на пченката поминуваат низ врвовите на собирачот, тие притискаат група монтирани сензори на краците (A). Сигналите од овие сензори се користат за идентификација на положбата на редот за пченка и за извршување на потребните нагодувања на управувањето на комбајнот за да биде во линија со посевот.

Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.



H95836 —UN—25MAR10

A—Сензори за ред

KR43067,0000565 -A8-13MAY10-1/1

Нагодување и израмнување на врвовите на собирачот

ВНИМАНИЕ: Подигнувајте го хедерот за пченка се додека точките бидат над подлогата, изгаснете го моторот и извадете го клучот.

Поставете еден врв на собирачот на соодветна висина. Поставете ги преостанатите врвови на истата висина.

1. Подигнете ја точката (A) и блокирајте го резето (B).
2. Повлечете го сигурносниот клин (C) и нагодете ја висината со користење на локациски отвори (D).
3. Точките може исто така да бидат фино прилагодени со олабавување на контра навртката (E) и прилагодливиот шраф (F) нагоре или надоле.

A—Врв
B—Брава
C—Сигурносен клин
D—Локациски отвор
E—Контранавртка
F—Завртка со глава



H88971 —UN—06AUG07

NS43404,000004D -A8-19MAY08-1/1

Нагодување на ножевите за отпад

Ножевите за отпад спречуваат плевелот и отпадот да се завиткаат околу ролните за стебла.

Ножевите за отпад мора да бидат поставени што е можно поблизу до ролните без да впишуваат жлебови.

1. Олабавете ги четирите завртките (B).
2. Прилагодете го ножот за отпад (C) така да зазорот (A) меѓу ножот и жлебот кај ролната за стебла е во рамките на спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Зазор од ножот за отпад до жлеб на ролна за стебло—Растојание..... 1,5 mm (1/16 in.)

3. Стегнете ги завртките (B) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Монтажни завртки со глава на ножот за отпад—Вртлив момент.....130 N·m (96 lb-ft)

4. Проверете дали спиралата на ролна за стебла (D) (напред на ролната) и перката на ролна за стебла (E) (назад на ролната) не го допира ножот за отпад при завртување.
5. Повторете ја постапката на спротивниот крај од ножот за отпад и на останатите единици за ред.

A—Растојание, 1.5 mm (1/16 in.)
B—Завртка со глава (8 употребени)
C—Нож за отпад
D—Спирала на ролна за стебла
E—Перка на ролна за стебла



H91763 —UN—20MAY08



H90470 —UN—04JAN08

NS43404,000004E -A8-19MAY08-1/1

Нагодување на затегнатоста на синџирот на собирачот

Затегнатоста на синџирот на собирачот се одржува преку затегнувач управуван со пружина. Пружината е заштитена со цевка на граничник (A) која служи и како граничник кој спречува запченикот на празниот од (B) да не се вовлекува премногу.

- За да ја зголемите затегнатоста на синџирот на собирачот, олабавете ја навртката (C) и затегнете ја завртката со глава (D).
- За да спречите синџирот да не излезе надвор од запченикот на празниот од, одржете најмало растојание од 4,8 mm (3/16 in.) помеѓу цевката на граничникот (A) и подлошката (E).



H99091 —UN—17NOV10

A—Цевка на граничник
B—Запченик на празен од
C—Навртка
D—Завртка со глава
E—Подлошка

KR43067,0000734 -A8-01DEC10-1/1

Нагодување на запците на синџирот на собирачот

Синџирите за собирање се фабрички склопени со запците на синџирот (A), распоредени еден помеѓу друг.

ВАЖНО: Бидете внимателни да избегнувате камења и други препреки во редот кога работите со собирачите блиску до земјата.

1. Отворете ги врвовите и штитниците ако е потребно.

A—Запци на синџир



H89420 —UN—01AUG07

KR43067,0000735 -A8-01DEC10-1/3

2. Завртете ја навртката (A) додека не дојде наспроти потпорната спона за празен од (B).
3. Олабавете ја завртката со глава (C) додека не се одвои навртката (D).

A—Навртка
B—Спона
C—Завртка со глава
D—Навртка



H99092 —UN—17NOV10

Продолжува на следната страница

KR43067,0000735 -A8-01DEC10-2/3

4. Подигнете го синџирот надвор од погонскиот запченик (A) и ротирајте го запченикот додека запците (B) не бидат еднакво оддалечени. Поставете го синџирот назад во запченикот.
5. Затегнете ја завртката со глава (C) во навртката (D) додека не се постави максимално растојание од 4,8 mm (3/16 in.) помеѓу цевката на граничникот (E) и подлошката (F).
6. Затегнете ја навртката (G) наспроти склопот за празен од.

A—Погонски запченик
B—Запци
C—Завртка со глава
D—Навртка
E—Цевка на граничник
F—Подлошка
G—Навртка



H99114 —UN—17NOV10

KR43067,0000735 -A8-01DEC10-3/3

Нагодување на плочи на платформата

ЗАБЕЛЕШКА: Палубните плочи се фабрички поставени.

1. Поставете ги плочите на платформата во затворена положба (цилиндарот (A) целосно издолжен). Осигурете дека левите плочи на платформата за во затворена положба и повторно поставете и затегнете го стегачот ако е потребно.
2. Стегачот (B) треба да се затвори и да го опфати лостот кога се затегнуваат машинските делови. Поставете зглобни краци на останатите единици за ред.

ВНИМАНИЕ: Хидрауличниот акумулатор (C) единствено може да биде откачен или ставен во работа од страна на обучено лице за хидраулично инженерство или хидраулична техника. Не изведувајте било какво заварување, лемење или механичка работа врз хидрауличниот акумулатор.



KM1000680 —UN—03SEP08

A—Цилиндар
B—Стегач
C—Хидрауличен акумулатор

Продолжува на следната страница

KM00321,000004F -A8-03SEP08-1/2

3. Олабавете ги завртките (A) што ја прицврстуваат палубната плоча од десна страна на рамката на редната единица.
4. Поставете го предното растојание (B) на 18 mm (23/32 in.) и задното растојание (C) на 20 mm (25/32 in.).
5. Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на плоча на платформата—Вртлив момент	95 N•m (70 lb-ft)

A—Завртки со глава
B—Предно растојание
C—Задно растојание



H90106 —UN—29OCT07

KM00321,000004F -A8-03SEP08-2/2

Прилагодување на простор меѓу редови

ПРОСТОР МЕЃУ РЕДОВИ

Хедер за пченка	cm	in.
606C	70	27.5
606C	76.2	30
608C	70.0	27.5
608C	75.0	29.5
608C	76.2	30

⚠ ВНИМАНИЕ: Кога работите под хедерот за пченка, секогаш ставете ги цилиндричните безбедносни запирачи во безбедносна позиција за да спречите спуштање на хедерот за пченка.

1. Отстранете ги штитниците и точките на редните единици.
2. Отстранете ги завртките (A) и држачот (B).



H99094 —UN—13APR11

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Монтажен штит на редна единица

Продолжува на следната страница

KM00321,000050D -A8-05OCT11-1/3

ЗАБЕЛЕШКА: За да ги лизгате редните единици до саканото место, користете адекватен уред за подигнување за да ја потпрете редната единица. Внимателно лизгајте ја единицата во посакуваната позиција.

3. Олабавете ги завртките (A) на двете централни редни единици. Поместете ги двете редни единици за еднакво растојание за да го поставите посакуваниот простор меѓу редовите. Стегнете ги завртките на редната единица според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки за редна единица—Вртлив момент.....310 N·m (229 lb.-ft.)



H99095 —UN—17NOV10

A—Завртки со глава (4 употребени)

4. Поместете ги останатите редни единици, работејќи од централниот дел кон краевите. Олабавете ги завртките и поместете ја единицата на посакуваниот простор меѓу редови. Продолжете се додека сите редни единици бидат правилно распоредени.

KM00321,000050D -A8-05OCT11-2/3

5. Поставете го монтажниот штит на редната единица (B) за посакуваниот простор меѓу редови и ставете ги завртките (A). Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки за монтажен штит на редна единица—Вртлив момент.....70 N·m (52 ft.-lb.)



H99094 —UN—13APR11

A—Шрафови со глава (4 во употреба)

B—Монтажен штит на редна единица

6. Ставете ги погонските штитници на редната единица и хардверот.
7. Ставете ги штитниците и точките на редните единици.
8. Поврзете го сензорскиот кабелски приклучок (ако е изваден) и притиснете го приклучокот во отворот на палубниот капак. Прицврстете го кабелот на ознаките од жолтата лента на кабелот за да обезбедите правилна опуштеност за подигнувачките точки.

KM00321,000050D -A8-05OCT11-3/3

Нагодување на погонскиот синџир на единица за ред

1. Отстранете ги завртките со глава и подлошките (A) и капакот (B).

A—Завртки со глава и подлошки (6 во употреба)
B—Капак



H99229 —UN—30NOV10

KR43067,000074D -A8-30NOV10-1/2

ЗАБЕЛЕШКА: Премногу затегнат синџир ќе предизвика претерано абење на синџирот. Синџирот на единицата за ред е непрекинат синџир без врска за поврзување.

2. Олабавете ги машинските делови на затегнувачот (A).
3. Нагодете го затегнувачот надолу за да ја зголемите затегнатоста на синџирот или нагоре за да ја намалите затегнатоста. Долниот дел на синџирот (B) треба да има движење од 10 mm нагоре и 10 mm надолу. Затегнете ги машинските делови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на затегнувачот—Вртлив момент.....90 N·m (66 lb.-ft.)

ВАЖНО: Осигурете дека O-прстенот (C) е чист и неоштетен пред да го поставите капакот. Менувајте по потреба.



H99230 —UN—30NOV10

A—Машински делови на затегнувачот
B—Долен погонски синџир
C—Заптивка

4. Поставете го капакот со користење на завртките со глава и подлошките.

KR43067,000074D -A8-30NOV10-2/2

Прилагодување на погонски запчаници на редна единица (комбајни со фиксна брзина на куќиштето за достава)

ВАЖНО: Промената на запчаниците на хедерот за пченка со оние на куќиштето за достава со променлива брзина, може да доведе до прекумерна брзина кај хедерот за пченка, резултирајќи со оштетувања кај машината. Гонетото вратило никогаш не треба да надмине 715 врт/мин.

Хедерите за пченка се управувани со возен запчаник со 24 запци и гонетиот запчаник со 27 запци.

ЗАБЕЛЕШКА: Испуштете го маслото и тргнете го садот пред да ги менувате или прилагодувате запчаниците, види отстранување/инсталирање на масло и сад во делот за сервисирање.

Кога работите при зголемени возни брзини, ставете мал запчаник на гонетото вратило и голем запчаник на погонското вратило.

Прилагодете го затегнувачот така да синџирот работи без качување или скокање на запчаниците.

Следнава табела ја дава приближната патна брзина на комбајната што се користи при секоја запчанеста комбинација.

ЗАБЕЛЕШКА: Препорачаната патна брзина во табелата е врз основа на просечните теренски услови. Условите кај конкретното ваше поле може да се разликуваат и тоа да одреди кој запчаник мора да се користи. Гонетото вратило никогаш не треба да надмине 715 врт/мин. Хедерот за пченка што работи со поголеми вртежи од 715 врт/мин. може да резултира со оштетувања кај машината.

ЗАБЕЛЕШКА: **Комбајни со фиксна брзина на куќиштето за достава:** *Запчаниците фабрички се поставен со возен запчаник со 24 запци и 27 запци на гонетиот запчаник кај сите модели. Овие запчаници* **НЕ** *смеат да бидат заменети за комбајни со куќиште за достава со променлива брзина.*

Брзина при жнеење:	**Хедер за пченка**	
	Запченик	
	Возен	**Возено**
До 7 km/h (До 4 mph)	24-запчен	27-запчен
Преку 7 km/h (4 mph)	27-запчен	24-запчен

ЗАБЕЛЕШКА: Под одредени теренски услови, може да биде потребно дополнително да се зголеми погонската брзина на редните единици. Во тој случај, достапни се дополнителни запчаници со 20, 21, 22 и 23 запци преку редовните канали за резервни делови.

Запчаник на хедер за пченка		**Зголемување на брзината**
Возен	**Возено**	
27-запчен	23-запчен	+4%
27 запчен	22-запчен	+9%
27-запчен	21-запчен	+14%
21-запчен	20-запчен	+20%

KM00321,000050E -A8-07OCT11-1/1

Нагодување на висината на спиралата

Спиралата може да се нагодува нагоре или надолу за да се добие растојание помеѓу запците на спиралата и подот.

Во повеќето услови, држете ја спиралата нагодена надолу. Подигнете ја спиралата за да спречите оштетување на класот кај пченка за пуканки или за храна.

1. Отворете го страничниот штитник за да го лоцирате носачот на лежиштето (A).
2. Олабавете ги машинските делови (B) и нагодете ја висината на спиралата кон нагоре или надолу.
3. Ако спиралата треба да биде подигната повисоко отколку што тоа го овозможуваат отворите со дупки (C):
   a. Отстранете ги машинските делови од носачот на лежиштето.
   b. Поместете го носачот од долните монтажни отвори (D) во горните монтажни отвори (E) и повторно поставете ги машинските делови.
4. Затегнете ги машинските делови на носачот и затворете ги страничните штитници.

ВАЖНО: Осигурите дека и двете страни на спиралата се еднакво нагодени.

5. Повторете го нагодувањето на висината на спротивната страна од хедерот за пченка.

ВАЖНО: Мора да постои минимален зазор од 22 mm (7/8 in.) меѓу спиралата на сврделот и подот и од 6 mm (1/4 in.) меѓу спиралата на сврделот и одделувачот.

Технички податоци (спецификации)

Запци на спиралата и под—Растојание..... 22 mm (7/8 in.)



H95837 —UN—25MAR10

Приказ на десна страна



H95838 —UN—25MAR10

A—Носач на лежиште
B—Машински делови (не се прикажани)
C—Отвор со дупки
D—Долен отвор
E—Горен отвор

Запци на спиралата и симнувач—Растојание..... 6 mm (1/4 in.)

Продолжува на следната страница

6. Прилагодете ги внатрешните потпорни држачи (A) така да централниот дел од сврделот е порамнет со надворешните делови.
7. За да го направите тоа, олабавете ги навртките (B) и прилагодете ги внатрешните потпорни држачи (A).
8. Повторно стегнете ги навртките (B).

A—Потпорен држач **B—Навртки**



KM1000669 —UN—25SEP08



KM1000670 —UN—25SEP08

KM00321,0000515 -A8-07OCT11-2/2

Спојување на синџирот

Кога осигурувате врска за спојување на синџир, затворениот крај на пружината за заклучување мора да биде насочена кон патеката на движење на синџирот.



H41470

H41470 —UN—28NOV89

KR43067,0000738 -A8-18NOV10-1/1

Нагодување на погонскиот синџир на спиралата

1. Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B).
2. Олабавете ги сигурносните навртки (C).
3. Лизгајте ја плочата за празен од (D) надолу за да ја зголемите затегнатоста на синџирот, а лизгајте ја плочата нагоре за да ја намалите затегнатоста.
4. Затегнете ги сигурносните навртки според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Навртки на плоча за празен од—Вртлив момент.....90 N·m (66 lb.-ft.)

ЗАБЕЛЕШКА: Преголемо затегнување на синџирот ќе предизвика претерано абење на синџирот. Поставете ја затегнатоста на синџирот така што лабилното странично движење да биде 10 mm (3/8 in.) нагоре и 10 mm (3/8 in.) надолу.

A—Шрафови со глава
B—Капак
C—Сигурносни навртки
D—Плоча за празен од



H99096 —UN—17NOV10

Прикажана е левата страна



H99097 —UN—17NOV10

KR43067,0000737 -A8-18NOV10-1/1

Подмачкувач Corn Head Grease

Се препорачува подмачкувач John Deere Corn Head Grease.

Може да користите и SAE подмачкувач со повеќе намени со перформанси на екстремен притисок (EP) и го задоволува NLGI конзистентен број 0.

DX,CORN -A8-11APR11-1/1

Подмачкувач

Користете подмачкувач базиран на конзистентните броеви на NLGI и очекуваниот опсег на воздушна температура за време на интервалот на сервисирање.

Се препорачува следниов подмачкувач:

- John Deere SD POLYUREA GREASE (TY6341)

Други подмачкувачи може да се користат ако ги исполнуваат следниве услови:

- NLGI спецификација на перформанси GC-LB

ВАЖНО: Некои типови подмачкувачи се стврднуваат и не се компатибилни со други.

Ако наставката за подмачкување недостига, заменете ја веднаш. Исчистете ги наставките темелно пред да употребувате пиштол за подмачкување.

Број на производ	Опис
TY6341	Повеќенаменски подмачкувач за висока температура и екстремен притисок, особено ефективен при работење со контакти при превртување.



AG,OUO1035,1175 -A8-20MAY08-1/1

Складирање на подмачкувач

Вашата опрема може да работи со максимална ефикасност само ако се употребуваат чисти подмачкувачи.

Користете чисти контејнери за чување на сите подмачкувачи.

Складирајте ги подмачкувачите и контејнерите во простории заштитени од прашина, влага и други извори на загадување. Чувајте ги контејнерите хоризонтално за да избегнете акумулирање на вода и прашина.

Осигурете се дека секој контејнер е соодветно означен за да се знае што содржи.

Соодветното отстранете ги старите контејнери и каков било подмачкувач што е останало во нив.

DX,LUBST -A8-11APR11-1/1

Алтернативни и синтетички подмачкувачи

Условите во некои географски предели може да побаруваат подмачкувачи различни од оние наведени во овој прирачник.

Некои видови John Deere разладни средства и подмачкувачи можеби не се достапни во Вашата локација.

Консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема за да добиете информации и препораки.

Синтетички подмачкувачи може да се користат ако ги задоволуваат техничките побарувања наведени во овој прирачник.

Температурните граници и интервали на сервисирање наведени во овој прирачник се однесуваат и на обичните и на синтетичките подмачкувачи.

Рециклираните масла можат да се користат ако ги задоволуваат побарувањата на техничките податоци.

DX,ALTER -A8-11APR11-1/1

Мешање на подмачкувачи

Општо, избегнувајте мешање на различни видови подмачкувачи или видови масло. Произведувачите на масла мешаат адитиви во нивните масла за да исполнат одредени спецификации и побарувања на перформанси.

Мешањето на различни масла може да влијае на соодветното функционирање на овие адитиви и да ги намали перформансите на подмачкувачот.

Консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема за да добиете информации и препораки.

DX,LUBMIX -A8-18MAR96-1/1

Симболи за подмачкување

ВНИМАНИЕ: Никогаш на го подмачкувајте или сервисирајте хедерот за пченка додека моторот на комбајната работи. Изгаснете го моторот, извадете го клучот и поставете ги безбедносните запирачи.

Подмачкувајте со John Deere повеќенаменскиот SD Polyurea за високи температури/подмачкувач за екстремен притисок или еквивалентен на SAE повеќенаменската маст за високи температури со екстремен притисок (EP) изведувајќи го тоа на онолку часа колку што е прикажано на ознаката.

Подмачкувајте со масло John Deere SAE 30 или потешко масло во временските интервали наведени на симболите.

Подмачкувајте со John Deere маст за хедер за пченка (тип “O” [нула] екстремен притисок) на часовни интервали прикажани на ознаките. Подмачкувачот е достапен во туба од 0.4 kg (14-1/2 oz) AN102562. Избришете ја сета маст и нечистотија пред да ги отстраните чеповите за инспекција. Избришете ги наставките за подмачкување така да бидат чисти пред да подмачкате.

ВАЖНО: Препорачаните интервали на сервисирање се однесуваат на просечни услови. Сервисирајте ПОЧЕСТО ако хедерот за пченка работи во неповолни услови.

MH81805,0000737 -A8-17MAR05-1/1

На секои 50 работни часови

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на опремата и дефекти поради контаминација на системот, секогаш исчистете ги наставките за подмачкување пред и после подмачкувањето.

Ако наставките за подмачкување се оштетени или недостасуваат, заменете ги веднаш.

1. Исчистете ги сите канџести спојки (A).

A—Канџести спојки



KM1000675 —UN—25SEP08

KM00321,000033A -A8-08JUL10-1/2

2. Ставете маст на погонското вратило на хедерот.

   Завртете го штитот според потребата за да пристапите до наставката за подмачкување.

   Ако хедерот за пченка користи оски со двоен погон, повторете на спротивната страна.



KM1001224 —UN—07JUL10

KM00321,000033A -A8-08JUL10-2/2

Направете инспекција и прилагодување на синџири - на секои 200 работни часа

ЗАБЕЛЕШКА: Различните модели на хедери за пченка имаат различни броеви за секој синџир.

1. **Синџир на сврдел (A):** Проверете ја состојбата и затегнатоста на синџирот. Прилагодете или заменете доколку е потребно (види за прилагодување на погонски синџир на сврдел во делот за прилагодувања).
2. **Погонски синџир на редна единица (B):** Проверете ја состојбата и затегнатоста на синџирот (синџирите). Прилагодете или заменете доколку е потребно (види за прилагодување на погонски синџир на редна единица во делот за прилагодувања).
3. **Синџири на собирач (C):** Проверете ја состојбата и затегнатоста на синџирите. Прилагодете или заменете доколку е потребно (види за прилагодување затегнатост на синџир на собирач во делот за прилагодувања).



KM1001223

KM1001223 —UN—07JUL10

A—Погонски синџир на спиралата
B—Погонски синџир на единица за ред
C—Синџир на собирачот

KM00321,000033C -A8-08JUL10-1/1

На секои 200 работни часови

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на опремата и дефекти поради контаминација на системот, секогаш исчистете ги наставките за подмачкување пред *и* после подмачкувањето.

Ако наставките за подмачкување се оштетени или недостасуваат, заменете ги веднаш.

ВАЖНО: Кога ги проверувате нивоата на масло, секогаш исчистете ја површината околу чеповите пред да вршите отстранување.

Секогаш затегнувајте ги чеповите безбедно.

Заменете го маслото во погонскиот синџир на единицата за ред:

ВАЖНО: Одржувајте го нивото на масло според спецификациите за да спречите претерано абење на синџирот.

1. Целосно подигнете го хедерот за пченка и вклучете го безбедносниот граничник на доставната комора.
2. Работете со хедерот кратко време за да се загрее маслото пред да го испуштате.

ЗАБЕЛЕШКА: Испуштете ја течноста во чист сад и отстранете го прописно.

3. Отстранете го чепот за испуштање (A), отворете го безбедносниот граничник и спуштете го хедерот за да се испушти маслото.
4. Поставете го чепот за испуштање.
5. Отстранете ги чепот за проверка (B) и вратата за пристап (C).

ВАЖНО: Нивото на масло треба да биде проверено со хедерот за пченка на комбајна и точките на редната единица да ја допираат земјата (приближно под агол од 25 степени).

6. Додадете SAE 80/90 масло за подмачкување на преносот преку отворот на пристапната врата (D) до нивото на долниот дел од отворот на чепот за проверка (E). Приближниот капацитет е 0,9 L (1 qt.).

Технички податоци (спецификации)

Масло на погонскиот синџир—Капацитет	0,9 L (1 qt.)

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека заптивката на врата за пристап е чиста и неоштетена. Менувајте по потреба.



H99231 —UN—30NOV10



H99232 —UN—30NOV10



H99233 —UN—30NOV10

A—Капак за испуштање
B—Чеп за проверка
C—Капак
D—Положба за полнење
E—Отвор за чеп

7. Поставете ја вратата за пристап и чепот за проверка.
8. Ако хедерот за пченка користи оски со двоен погон, повторете на спротивната страна.

Продолжува на следната страница

KM00321,000050F -A8-05OCT11-1/7

Подмачкајте ги погонските синџири на спиралата:

ВНИМАНИЕ: За да избегнете сериозна повреда, никогаш не подмачкувајте ги синџирите додека работи моторот.

1. Работете кратко време со хедерот за пченка пред да ги подмачкувате синџирите. Топол синџир го зголемува пробивањето на маслото помеѓу клиновите и чаурите.
2. Подмачкајте го синџирот со SAE 30 или со потешко масло. Подмачкувач за синџир John Deere TY6240 е достапно во аеросолна канта.
3. Ако хедерот за пченка користи оски со двоен погон, повторете на спротивната страна.



KM1001225 —UN—08JUL10

A—Погонски синџир на спиралата

KM00321,000050F -A8-05OCT11-2/7

Проверете го маслото во кутијата на запченикот на единицата за ред:

ЗАБЕЛЕШКА: Маслото во погонската кутија на редната единица треба да биде топло и хедерот за пченка мора да биде подигнат, за да се добие точно очитување на шипката за мерење.

1. Работете кратко време со хедерот за пченка за да го загреете маслото во погонската кутија.
2. Целосно подигнете го хедерот за пченка и вклучете го безбедносниот граничник на доставната комора.
3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
4. Исчистете ја површината околу чепот/шипката за мерење за проверка (A) за да избегнете прашина и нечистотии да навлезат во кутијата на запченикот.
5. Извадете ја шипката за мерење и избришете ја.
6. Целосно протнете ја шипката за мерење во погонската кутија, извадете ја и проверете го нивото на масло на вратилото.
7. Ако нивото е под ознаката за полно (B), додадете TY6296 80W 90 GL-5 масло за подмачкување на преносот преку отворот за шипката за мерење, се додека нивото на масло ја достигне ознаката за полно.

ВАЖНО: Не пренаполнувајте ја кутијата на запченикот. Потребно е 0.42 L од маслото за подмачкување за да се наполни погонската кутија од ознаката за минимум (C) до ознаката за полно (B). Количината на масло за подмачкување за да се додаде на други нивоа е пропорционална.



H96320 —UN—17NOV10



H100565 —UN—03MAR11

A—Чеп/шипка за мерење за проверка
B—Ознака за полно
C—Ознака за минимум

Продолжува на следната страница

KM00321,000050F -A8-05OCT11-3/7

Подмачкајте ги спојките за пролизгување на единицата за ред:



H99158 —UN—22NOV10

Прикажан е модел кој не врши сечкање



H99131 —UN—17NOV10

Прикажан е модел кој врши сечкање

A—Наставки за подмачкување на спојка за пролизгување на единица за ред

B—Кутија на запченик за сечкање

ВАЖНО: Секоја спојка за пролизгување има повеќе наставки за подмачкување за полесен пристап. Потребно е да се подмачка само ЕДНА наставка по спојка.

1. Целосно подигнете го хедерот за пченка и вклучете го безбедносниот граничник на доставната комора.
2. *Само за хедер за пченка кој не врши сечкање:*
   a. Лоцирајте ја лизгачката спојка на редната единица под хедерот за пченка. Спојката за пролизгување е монтирана на левата страна од кутијата на запченикот.
   b. Нанесете 10 пумпи подмачкувач на една наставка за подмачкување (A) на спојката за пролизгување.
   c. Повторете го подмачкувањето на останатите единици за ред.
3. *Само за хедер за пченка кој врши сечкање:*
   a. Лоцирајте ја лизгачката спојка на редната единица под хедерот за пченка. Спојката за пролизгување е монтирана помеѓу кутијата на запченикот и кутијата на запченикот за сечкање (B).
   b. Нанесете 10 пумпи подмачкувач на една наставка за подмачкување (A) на спојката за пролизгување.
   c. Повторете го подмачкувањето на останатите единици за ред.

KM00321,000050F -A8-05OCT11-4/7

Подмачкајте ја погонската спојка за пролизгување на спиралата:

ВАЖНО: Секоја спојка за пролизгување има повеќе наставки за подмачкување за полесен пристап. Потребно е да се подмачка само ЕДНА наставка по спојка.

1. Нанесете 10 пумпи подмачкувач на една наставка за подмачкување (A) на спојката за пролизгување.
2. Ако хедерот за пченка користи оски со двоен погон, повторете на спротивната страна.



H99147 —UN—18NOV10

Приказ на лева страна

A—Наставка за подмачкување на погонската спојка за пролизгување на спиралата

Продолжува на следната страница

KM00321,000050F -A8-05OCT11-5/7

Проверете го маслото во кутијата на запченик за StalkMaster™ (ако постои):



H99159 —UN—22NOV10

Прикажан е задниот резервоар



H99160 —UN—22NOV10

Прикажан е предниот резервоар

A—Чеп за проверка/полнење **B—Чеп за проверка/полнење**

ЗАБЕЛЕШКА: Маслото во погонската кутија на делот за сецкање треба да биде топло и хедерот за пченка мора да биде подигнат, за да се добие точно ниво на масло.

1. Работете кратко време со хедерот за пченка за да го загреете маслото во погонската кутија.
2. Целосно подигнете го хедерот за пченка и вклучете го безбедносниот граничник на доставната комора.
3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
4. Отстранете го чепот за проверка/полнење (A) на задниот дел од кутијата на запченикот. Нивото на масло треба да биде на дното од отворот на чепот за проверка/полнење. Додадете подмачкувач за запченик TY6296 80W 90 GL-5 по потреба за да се добие точното ниво. Повторно поставете го чепот за проверка/полнење.
5. Отстранете го чепот за проверка/полнење (B) на предниот дел од кутијата на запченикот. Нивото на масло треба да биде на дното од отворот на чепот за проверка/полнење. Додадете подмачкувач за запченик TY6296 80W 90 GL-5 по потреба за да се добие точното ниво. Повторно поставете го чепот за проверка/полнење.
6. Повторете за останатите кутии на запченик за сечкање.

KM00321,000050F -A8-05OCT11-6/7

Подмачкување на шарки:

Нанесете маст за подмачкување на наставките (A) на шарките од двете страни.

A—Приклучок за подмачкување



KM1000674 —UN—01SEP08

KM00321,000050F -A8-05OCT11-7/7

На секои 1000 работни часови

ВАЖНО: За да избегнете оштетување на опремата и дефекти поради контаминација на системот, секогаш исчистете ги наставките за подмачкување пред и после подмачкувањето.

Ако наставките за подмачкување се оштетени или недостасуваат, заменете ги веднаш.



H99161 —UN—22NOV10

Прикажан е задниот резервоар

A—Заден чеп за испуштање
B—Преден чеп за испуштање
C—Заден чеп за проверка/полнење

ЗАБЕЛЕШКА: Кутиите на запченик за сечкање треба да бидат топли, со подигнат хедер, за да може да се испушти и наполни маслото. Осигурете дека сечилата за сечкање се вклучени преку рачката за кутија на запченик за да се загрее маслото во предниот резервоар.

1. **Менување на масло во погонските кутии на делот за сецкање:**

   a. Работете со хедерот за да се загрее маслото во кутијата на запченикот за сечкање.

   b. Целосно подигнете го хедерот и вклучете го безбедносниот граничник на доставната комора.

   c. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Испуштете го маслото во чист сад и отстранете го прописно.

   d. Отстранете ги предните и задните чепови за испуштање (A и B) и овозможете маслото да се испушти.

ВАЖНО: Кога ги проверувате нивоата на масло, секогаш исчистете ја површината околу чеповите пред да вршите отстранување.

Секогаш затегнувајте ги чеповите безбедно.



H99162 —UN—22NOV10

Прикажан е предниот резервоар

D—Преден чеп за проверка/полнење

   e. Поставете ги повторно чеповите.

   f. Отстранете ги предните и задните чепови за проверка/испуштање (C и D).

   g. Додадете масло за запченик TY6296 80W 90 GL-5 во предните и задните резервоари додека нивото не се порамни со дното од отворите на чепот за проверка/испуштање.

Технички податоци (спецификации)

Заден резервоар—Капацитет	325 mL (11 oz)
Преден резервоар—Капацитет	500 mL (16.9 oz)

   h. Повторно поставете ги чеповите за проверка/полнење.

2. Повторете за останатите кутии на запченик за сечкање.

KR43067,00005A8 -A8-01DEC10-1/1

Хедер за пченка

Повеќето проблеми со работењето на хедерот за пченка можат да бидат поврзани со несоодветно нагодување. Следнава табела за решавање проблеми може да помогне кога ќе се развијат проблеми, преку предложување на можна причина и препорачано решение. Кога се обидувате да решите некој проблем, осигурете дека изворот не доаѓа од некое друго место освен од таму каде постои проблемот.

Симптом	Проблем	Решение
Загуба на класови пченка во полето	Точките на врвовите се поставени премногу високо.	Нагодете ги врвовите така што точките лесно ја допираат земјата кога плочата за лизгање на единицата за ред е 1 инч над земјата. Кога подигнувате нисковисечки класови, подигнете ја предната точка на врвовите на собирачот и работете со хедерот за пченка со лизгачите блиски до земјата.
	Теренската брзина е премногу голема или премногу мала.	Работете со брзина според условите во полето и земјата. Преголема теренска брзина може да ги превитка стеблата кон напред и да предизвика класовите да паѓаат пред синџирите на собирачот. Малите теренски брзини можат да предизвикаат синџирите на собирачот да ги тресат стеблата и да ги отсечат класовите што ќе предизвика класовите да паѓаат надвор од хедерот. Работете со брзина при која синџирите на собирачот ќе помагаат во насочувањето на стеблата во ролните за стебло.
	Не одење по редовите од сејачката.	Следете ги засадените редови за да ја намалите загубата на класови.
	Единиците за ред не се центрирани на редовите.	Нагодете го растојанието за ред на хедерот за пченка еднакво на растојанието на редовите пченка во полето.
	Класовите се лизгаат надвор од синџирите на собирачот.	Заменете ги истрошените чувари на класови или поставете чувари на класови.
	Брзината на синџирот на собирачот е премногу голема или премногу бавна.	Променете ја брзината на доставната комора со променлива брзина или нагодете ја теренската брзина на комбајнот.

Продолжува на следната страница

Симптом	Проблем	Решение
Лупење на клас во ролните за стебло	Плочите на платформата не се соодветно нагодени.	Нагодете ги плочите на платформата. Намалете ја празнината помеѓу плочите на платформата.
	Машината работи премногу.	Подигнете ја точката на врвот и работете со хедерот пониско.
Излупена пченка излегува од задниот дел од комбајнот	Преголем внес на отпадоци од хедерот за пченка.	Зголемете ја брзината на комбајнот со променлив погон или со фиксен погон.
		Отворете го растојанието на плочата на платформата на хедерот за пченка.
